# З А П И С Н И К

од 1-ва редовна седница на Советот на Општина Валандово,
одржана на 6–ти Ноември 2025 година

Седницата се одржа во просториите на Културниот дом,, 25 ти Мај ,, Валандово-, со почеток во 11.30 часот и со истата претседаваше Марија Чурлинова, претседател на Советот на Општина Валандово.

На седницата на Советот, присуствуваа сите 15 членови.

**За работа на 1-вата редовна седница беше предложен следниот:**

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог- Одлука за доделување на награди по повод празникот на општината “6-ти Ноември”.

Беше отворена расправа по дневниот ред..
Немаше пријавено за дискусија, па беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 1
Претседателот на Советот на Општина Валандово му даде збор на Претседателот на Комисијата за спомен одбележување, давање на имиња, награди, признанија и информирање, Момчило Павлов.Тој информираше за работењето на Комисијата. Рече дека нема пристигнато предлози по објавениот Конкурс., па затоа рече дека на седницата на Комисијата се предложиле повеќе лица за добивање награди и признанија.Беше кажано дека највисоката општинска награда треба да се додели за долгогодишна работа во континитет и афирмирање на општината и дека истата има своја тежина.

Оваа година се предложени 5 носители за 6-то Ноемвриска награда . Притоа се произнесе и ги даде Предлозите од Комисијата.

<u>Предложени за 6-то Ноемвриска награда</u>

1.Алекса Димов -за животно дело во областа на хуманоста и волонтерството;

2.Д-р Николче Чурлиновски за животно дело во областа на здравството и здравствената заштита;

3.Д-р Елизабета Чурлиновска за животно дело во областа на здравството и здравствената заштита

4.Организационен одбор на манифестацијата,,Валандовска Ракијада ,,

5.Постхумно на Тони Грачанин -животно дело во областа на културата

<u>Предложени за 6-то Ноемвриско признание</u>

Од областа на образованието беа дадени повеќе предлози за признанија и тоа на наставници - ментори на ученици кои постигнале резултати на државни и меѓународни натпревари. Предложени беа:

1. Елена Андонова
2. Наташа Стојаноска

3. Магдалена Арабаџиева
4. Петранка Костова
5. Катерина Илиева
6. Габриела Ашикова
7. Марија Узунов
8. Ангелина Занова
9. Младен Костадинов
10. Здравко Стојанов
11. Љубица Тошевска
12. Билјана Ѓоргиевска

13. Славе Стојаноски- ученик кој учествувал на меѓународен натпревар по англиски јазик

14. ,,TYTL,,- Коста Стојчев и Столе Китановиќ во областа на информатиката и вештачката интелегенција;

15. ТППЕ Валандово -во областа на цивилната заштита.

Беше отворена расправа

Бидејќи по отворената расправа, никој не се јави за дискусија, Советот премина на гласање.
Беа ставени на гласање сите предлози за 6-то Ноемвриско признание Со 14 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ И 1 ВОЗДРЖАН истите беа изгласани

Се премина на гласање за сите предлози за 6-то Ноемвриско признание:

1.Предлогот Алекса Димов -за животно дело во областа на хуманоста со 15 гласа ЗА 0 ПРОТИВ И 0 ВОЗДРЖАНИ едногласно беше изгласан.

2.Предлогот Д-р Николче Чурлиновски -за животно дело во областа на здравството и здравствената заштита со 8 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 7 ВОЗДРЖАНИ беше изгласан

3.Предлогот за Д-р Елизабета Чурлиновска -за животно дело во областа на здравството и здравствената заштита со 10 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 5 ВОЗДРЖАНИ и беше изгласан.

4.Предлогот Организационен одбор на манифестацијата,,Валандовска Ракијада ,, со 15 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ едногласно беше изгласан.

5.Предлогот за добивање на награда Постхумно на Тони Грачанин -животно дело во област ана културата со 15 гласа ЗА 0 ПРОТИВ И 0 ВОЗДРЖАНИ и едногласно беше изгласан

Со ова расправата по дневниот ред беше исцрпена и седницата заклучена.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Претседател

Марија Чурлинова

Записничар
С.Х.Јовановиќ